ЗАПИСНИК
**од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 20.06.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Арбен Саити, м-р Ивона Муфишева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.06.2022 година.
2. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Предлог-записникот од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.06.2022 година.

Г-дин Јанчески во Точка 9 од записникот имаше забелешка во дел од неговата дискусија во врска со терминологијата и предложи зборот „страна“ да се коригира во „страница“.

Советот на Агенцијата со корекцијата од г-дин Јанчески едногласно го усвои Записникот од 23-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.06.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид. Објасни дека пристигна Известување од Агенцијата за електронски комуникации за отповикување на Решението за користење на радио фреквенции од 14.04.2022 година и исто така и радиодифузерот ја извести Агенцијата дека му е отповикано решението. Во таа насока од страна на Агенцијата поточно од Секторот за информатичка поддршка и општи работи доставена е службена белешка и известен е радиодифузерот дека во најкраток можен рок треба да ги отстрани пречките бидејќи неемитувањето на програмски сервис повеќе од 30 дена е причина за одземање на дозволата. Но, и покрај тоа од 14.04.2022 година до денес 20.06.2022 година радиодифузерот се уште ги нема регулирано обврските кон АЕК. Бидејќи повеќе од 30 дена РА ЛАВ не емитува програма, до Советот се предлага да се покрене постапка за одземање на дозволата за радио емитување.

Г-дин Петрушевски наведе дека ова е еден изнуден чекор што согласно Законот Советот треба да го преземе. Објасни дека по започнување на постапката има еден одреден период од 15 дена за да РА ЛАВ своето работење го усогласи со одредбите од ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, Уп1 бр.08-112 од 05.01.2015 година, поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Согласно Писмениот извештај за извршен вонреден, по службена должност, административен надзор бр.03-2401/1 од 16.06.2022 година реализиран во периодот од 18.04.2022 година заклучно со 14.06.2022 година констатирано е дека ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид повеќе од 30 дена не емитува радио програмски сервис, што претставува основ за одземање на дозволата за радио емитување согласно член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече во најитен можен рок да се информира радиодифузерот ако е потребно и телефонски за да биде информиран дека рокот од 15 дена почнува да тече. Се надева дека за 15 дена ќе се создадат позитивни можности да се сопре постапката.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-2416/3**

**01.07 2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**